РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЧАШКА - KOMUNA E CASHKES
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI I KOMUNES
Бр./Nr.: 09-1852/1
20.12.2023 од./viti.
ЧАШКА/CASHKË:

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Чашка, на ден 20.12.2023 година, донесе

# Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г3.1 – ИНДУСТРИСКИ СЕРВИСИ, СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, СЕРВИСИ ЗА РЕМОНТ НА ШИНСКИ ВОЗИЛА, СЕРВИСИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКА И ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КП 378 КО ЧАШКА - ВОНГРАД, ОПШТИНА ЧАШКА, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чашка, www.caska.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Г3.1 – ИНДУСТРИСКИ СЕРВИСИ, СЕРВИСИ ЗА ОДРЖУВЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, СЕРВИСИ ЗА РЕМОНТ НА ШИНСКИ ВОЗИЛА, СЕРВИСИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКА И ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КП 378 КО ЧАШКА - ВОНГРАД, ОПШТИНА ЧАШКА, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот документ кој се донесува има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинира и оформува градежна парцела за градба од втора категорија утврдена со Законот за градење-рибник. Намените и компатибилните намени се согласно Правилникот за урбанистичко планирање. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.
4. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Градоначалник
Горан Стојановски